Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 14.12.2020 година, расправајќи по иницијативата на Горан Нациќ адвокат од Скопје, согласно член 101 од Уставот на Република Северна Македонија и член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и 96/2019), со мнозинство гласови, го утврди следното:

# НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Ако за време на важењето на колективен договор на ниво на работодавач се донесе закон со кој определените права на органот на управување на јавното претпријатие утврдени во колективниот договор се ограничуваат, во однос на тие права се применува законот.**

## О б р а з л о ж е н и е

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одлучувајки по иницијатива на Горан Нациќ адвокат од Скопје, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, оцени дека се исполнети условите за утврдување начелно правно мислење. Ова, на начин кој ќе го расправи конфликтот во правниот промет предизвикан со (не)почитување на со закон утврдените права и одговорности, наспроти тие уредени со колективен договор на ниво на работодавач во јавно(ите) претпријатие(ја).Тоа при состојба на работите кога законот ги дефинира правата на директорот (орган на управување) на јавното претпријатие и го регулира начинот на формирањето на платата на вработените во јавните претпријатија, а колективниот договор на ниво на работодавец дава право - овластување различно од со закон утврденото, што доведува до погрешно утврдување на вредноста на бодот за пресметка на основната плата. Последователно и во такви случаи, кој пропис има супремација во примената, ако во време на важењето на колективен договор, се донесе закон кој го регулира начинот на формирање на платите во јавните претпријатија, а со тоа и утврдувањето на вредноста на бодот за пресметка на основната плата.

Уставот на Република Северна Македонија, со член 8 став 1 алинеја 3, владеењето на правото го утврдува како темелна вредност на уставниот поредок, а во економските права согласно членот 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правната положба на вработените остава да се уредат со закон и колективни договори. Гаранција на основните слободи и права Уставот на Република Северна Македонија, дава на начин што со членот 51 утврдува дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а со тоа и дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 110 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот, а согласно алинеја 2 од иститот член и за согласноста на другите прописи и колекетивните договори со Уставот и законите.

Иницијативата упатува дека во 2014 година е напуштен системот на пресметка на плати заснован на колективни договори, а со Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 41/14), Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14), се уредува начинот на утврдување на платите на вработените во јавните претпријатија.

Во конкретниот случај, вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми - Скопје„ сега „Национални шуми„, чии основач е Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за јавните претпријатија имаат статус на административни службеници и јавни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица, кои своите права од работен однос ги остваруваат според одредбите на Законот за административните службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14 , 199/2014 , 48/2015 , 154/2015, 5/2016 , 142/2016 , 11/2018 , 275/2019 и 14/2020) и одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019, 14/2020).

Класификацијата, нивоата на работни места и надоместоците на плата на административните службенци, како и компонентите на нивната плата се целосно уредени со Законот за административни службеници. Согласно членовите 86, 87 и 89 од законот, платата на административните службеници се состои од две компоненти: основна плата, што по себе подразбира дел на плата за степен на образование, дел на плата за нивото на работното место и дел на плата за стаж, кои делови се изразуваат во бодови и исклучителна компонента, што подразбира додатоци на плата за услови за работа, заради прилагодување кон пазарот на трудот, ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

Законот за вработените во јавниот сектор, во член 7 предвидува начело на управување со ефектот на вработените, кое по себе подразбира воспоставување на процедури во институциите за континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за подобрување на ефектите од работата. **Ова, преку параметри за оценка на квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните обврски, целите и задачите, сервисната ориентација, професионалното однесување и други критериуми специфично разработени во конкретна институција.** Дадените параметри, преставуваат основ за зголемување или намалување

на платата на вработените, но и за утврдување материјална или нематеријална награда, унапредување или уназадување на вработените (распоредување на повисоко работно место на повисоко или на пониско ниво, па дури и отказ од работа на начин и во постапка уредени со законот и со колективен договор).

Според член 37 од Законот за јавните претпијатија, работните места се групираат во групи и подгрупи, согласно со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор и тоа: јавни службеници, даватели на услуги во јавни претпријатија и помошно - технички лица и секоја од овие групи има право на плата утврдена со закон, согласно нивниот статус.

Со членот 37 Ц од Законот за јавните претпијатија, основната плата и додатоците на плата ги утврдува Управниот одбор, а вредноста на бодот ја утврдува директорот на јавното препријатие. Согласно пак член 19 став 2 точка 9 од законот, Управниот одбор на јавното претпријатие донесува акт за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите во јавното претпријатие, додека согласно член 11 став 1 т. 6 од законот, Основачот на јавното претпријатие дава согласност на актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавните претпријатија. Одлуката со која основачот на јавното претпријатие дал согласност на актот за утврдување на висината на вредноста на бодот се објавува во службен весник.

На основа напред изнесеното, како и од аналаизата на содржината на останатите одредби од наведените закони, произлегува дека по однос на административните службеници, прашањата поврзани со клацификацијата, категориите и нивоата на работните места, како и прашањата поврзани со платата и надоместоците на плата во целост се уредени со закон.

Спорно е дали, на ниво на Јавно претпријатие - работодавач, имајќи ги предвид цитираните одредби од Законот за јавни претпријатија и Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службници, **директор на јавно претпријатие**, повикувајки се на право утврдено со Колективен договор на ниво на работодавач, има право вредноста на бодот за пресметка на нето платата која се состои од основна плата, дел од плата за работна успешност и додатоци на плата, да ја утврдува во зависност од остварувањето на производно финансискиот план според утврдени критериуми, по кои ја детерминира вредноста на бодот во распон од 0,70 до 1,30 на месечно ниво на основната плата и на делот на плата која по себе содржи и друга компонента.

Како што претходно се укажа, статусот, правната положба и системот на плати и утврдувањето на вреднста на бодот на вработените во јавните претпријатија и заклучокот дека во правниот поредок тие прашања се целосно уредени со закон, подносителот на иницијативата аргументира и тоа дека, Уставниот суд во рамките на својата уставна надлежност согласно член 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, донел Одлука У.бр.120/2019 од 23.09 2020 година, со која се укинува членот 52 од Колективниот договор за работниците во Јавното претпријатие за стопанисување со шуми, поранешен назив „Македонски шуми„ сега „Национални шуми„ ПО Скопје, склучен помеѓу Синдикатот на работниците од шумарството и дрвната индустрија на Република Македонија и Управниот одбор на ЈП „Македонски Шуми„ (Колективен договор на ниво на работодавец од 2006 година). Во точка 4 од изреката на оваа одлука

Уставниот суд утврдува дека според член 52 од Колективниот договор вредноста на бодот ја утврдува директорот на претпријатието секој месец во зависност од остварувањето на производно – финансискиот план, согласно утврдени критериуми. Според ставот 2 од членот 52 од Колективниот договор, вредноста на бодот може да се движи од 0,70 до 1,30. Согласно точка 2 од изреката, Одлуката на Уставниот суд, произведува правно дејство од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, (објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 251 од 20 Октомври 2020 година).

Така, при состојба на работите кога Законот за административни службеници во член 88 став 3 регулира дека **вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници се утврдува секоја година со одлука на основачот на предлог на надлежен функционер**, во рок од десет дена од влегување во сила на буџетот на институцијата, кое во конкретниот случај би значело со Одлука на Владата на Република Северна Македонија - Основач на Јавното Претпријатие, на предлог на министерот кој раководи со Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, **што по себе значи дека правото утврдено со Колективен договор на ниво на ЈП „Национални шуми„ вредноста на бодот за основната плата на месечно ниво да ја утврдува директорот на ЈП во распон од 0,70 до 1,30 за административните службеници, не е во согласнот со законот и доведува вработени со ист статус - на месечно ниво да примаат помала основна плата, од таа која по закон им следува.**

Оттука и уредувањето во укинатиот член 52 од Колективниот договор на ниво на работодавач, директорот еднаш во месецот да ја утврдува вредноста на бодот на целокупната плата не е во согласност со членот 37 Ц од Законот за јавните претпријтаија, кој на директорот на јавното претпријатија му дава права вредноста на бодот да ја утврдува само по однос на основната плата. Последователно, колективниот договор, не е во согласност и со член 88 од Законот за административните службеници за кои вредноста на бодот се утврдува секоја година со одлука на основачот.

Поаѓајки од тоа дека Уставниот суд со наведената одлука го укинал членот 52 од Колективниот договор на ЈП „Национални Шуми„ и со тоа го ставил вон правна сила сметано од денот на објавувањето, односно од 20.10.2020 година, како и фактот дека судовите во Република Северна Македонија согласно член 98 од Уставот судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, а местото и улогата на колективните договори е уставно - правно утврдена во правниот поредок на државата, при кое согласно член 32 став 5 од Уставот, се остава, остварувањето на правата на вработените и нивната правна положба да се уреди со закон и со колективни договори и фактот дека согласно член 51 став 1 од Уставот, законите мораат да бидат донесени во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, но и нивното временско важење, Врховниот суд со донесувањето на ова начелно правно мислење ја остварува својата уставна функција за воедначување на примена на законите од страна на судовите .

Во таа насока, Начелното правно мислење го разрешува конфликтот помеѓу определените права кои орган на управување во Јавно претпријатие ги има согласно колективен договор, а за време на важењето на колективниот договор се донесе закон, со кој тие права се ограничуваат, како во случајот кога со закон целосно се уредени

прашањата поврзани со платите и надоместоците на плата и вредноста на бодот за административните службеници, кое по себе остава единствена можност во правниот поредок на Република Северна Македонија, за тие права да се применува законот.

Од овие причини, Општата седница со мнозинство го утврди ова начелно правно мислење.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**